РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Поминати се времињата кога во електроенергетиката производството, преносот и потрошувачка на електрична енергија беа одделни делови од еден систем. Денес овие делови се во динамична интеракција и сочинуваат комплексен електроенергетски систем во којшто сите треба да вложиме максимален напор за да го одржиме и да обезбедиме стабилна испорака на електрична енергија за граѓаните со најниски можни цени - порача Ацо Ристов, претседател на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад (РКЕ), кој заедно со членовите на комисијата одржа состанок со менаџментот на ЕВН Македонија и со претставници на Надзорниот одбор и Управниот одбор на ЕВН Групацијата од Австрија.

„Ние сме дел од сектор во којшто е неопходен стратешки пристап и клучно е да се делува со внимателно планирање на активностите однапред, затоа што процесите се динамични и честопати непредвидливи. Очекувам да продолжите со инвестициите што ќе значат подигнување на квалитетот на услугата на граѓаните. Во претстојниот период ќе имаме многу предизвици за да се подготвиме за поврзување на домашниот со европскиот пазар“ посочи Ацо Ристов, претседател на РКЕ.

Фер пристап кон потрошувачите и поддршка на инвестициите е принципот врз основа на кој регулаторот ќе продолжи да делува во соработката со ЕВН Македонија.

„Во овие 20 години во коишто ЕВН Македонија е активна на нашиот пазар се случија доста промени, како во техничка смисла, така и во делот со унапредување на услугите. Сега сме веќе дојдени во фазата каде што дигитализацијата и вештачката интелигенција ќе не водат понатаму.“ посочи Ацо Ристов, претседател на РКЕ.

10.6.2026

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

Rr. Maqedonia nr. 25, pallati Llazar Pop-Trajkov – kati i 6 • 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
Qendra 02 3233-580 • Faks: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk